# Воведен збор

Почитувани,

пред вас е триесет и четвртото издание на списанието „ФИЛОЗОФИЈА“. Воедно, ова е и последниот број во редакција на досегашното уредништво. После дванаесет години континуирано објавување списанието го менува и својот издавач. Издавачката куќа Аз-Буки оваа улога ја преотстапува на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје. Следниот број на списанието ќе има меѓународен карактер, нов уредувачки одбор и, покрај печатената форма, ќе излегува како електронско интернет издание. На новиот уредувачки одбор му посакуваме плодотворна работа и успешен настап на списанието на интернационалната сцена, помеѓу другото, и како репрезент на македонската филозофска мисла.

Изданието што е пред вас ја задржува досегашната концепција. Тема на бројот е филозофијата на Дејвид Хјум. Во него се поместени текстовите од научниот собир посветен на делото на овој филозоф по повод 300 години од неговото раѓање одржан во Скопје во ноември 2011 година, а во рамките на одбележувањето на Светскиот ден на филозофијата востановен од УНЕСКО, како и други содржини вообичаени за досегашната уредувачка концепција на списанието.

**Лазар Фотев**